**20261281842**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 42 став (4) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ОВЛАСТЕНОТО ВРАБОТЕНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧЕН НАДЗОР, КАКО И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на службената легитимација на овластеното вработено лице за вршење на стручен надзор, како и начинот на нејзиното издавање и одземање.

Член 2

(1) Формата и содржината на службената легитимација на овластеното вработено лице за вршење на стручен надзор, од став (1) на овој член, е дадена во прилог, кој е составен дел на овој правилник.

(2) Легитимацијата е со големина 8x11cm и се состои од два дела: едниот дел е корицата, а другиот дел е пластифицирана бела влошка со податоци за носителот на легитимацијата.

(3) Корицата на легитимација е изработена од природна кожа во темно сина боја.

Член 3

Службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор се издава од страна на министерот за дигитална трансформација.

Член 4

Службената легитимација има важност се додека лицето на кое му е издадена има овластување за вршење на стручен надзор.

Член 5

(1) Во случај на губење, оштетување или дотраеност на легитимацијата, овластеното лице ја огласува за неважечка на сопствен трошок во „Службен весник на Република Северна Македонија“ најдоцна осум дена од денот на дознавање дека легитимацијата е изгубена, за тоа го известува министерот за дигитална трансформација и му се издава нова легитимација.

(2) Во случај на одземање на овластувањето на вработеното лице да врши стручен надзор од страна на министерот за дигитална трансформација, во случај на престанокот на работниот однос на оваа лице, како и во сите други случаи во кои лицето нема овластување да врши стручен надзор, лицето ја враќа лиценцата најдоцна три дена од денот на губење на овластувањето.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-1350/1
9 јуни 2026 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски**, с.р.

КОРИЦА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

ЛИГИТИМАЦИЈА НА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧЕН НАДЗОР

Предна страна

Грб на Република Северна Македонија
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

| | |
|---|---|
| (слика) | __________<br>Регистарски број<br><br>__________<br>Датум на издавање<br><br>__________<br>Министерство за дигитална трансформација |

МДТ

________________
Име и презиме

________________
Работно место

________________
Матичен број на граѓанинот

________________
Место на живеење

Задна страна

| |
|---|
| Носителот на оваа легитимација ги има сите овластувања од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025) |